# Коледарски оган кај Пеце во Järfälla

Коледе, леде! Паднало греде, утепало деде.

Дедо се мачи, баба го квачи, со четири јајца.

Гуськини, паткини! О, о, коледе!

Коледица Варварица!

И по неа Василица.

Еднаш мие во година,

Како цвеќе во градина.

Ова беа само еден дел од коледарските песни испеани покрај коледарскиот оган во дворот на семејството Нечовски.

Неколку македонски семејства се собраа во дворот на Пеце и Цузана Нечовски и го одбележаа празникот Коледе со палењето на коледарскиот оган.

Како и што е традиција со пиење на топла ракија се пееја коледарски песни, кои за најмладите беа доста интересни,а на жарот од огнот се печеја слатки и жешки костени.

Инересно е да се напомни дека палењето на коледарскиот оган е веќе традиција кај семејството Нечовски. Тие веќе неколку години ја повторуваат аваа убава македонска традиција која како што напоменавме е интересна и сакана како од постарите, така и од најмладите.